Јавен повик за апликации

Програма “Лидерство за инклузивно вработување”: Инклузивни практични стратегии за човечки ресурси и задржување на вработени за работодавачи и општини во Западен Балкан со цел обезбедување идна работна сила

1. Контекст

Во време кога работодавачите на Западен Балкан се борат со одлив на работници, недостиг на соодветно квалификувана работна сила и демографски пад, жените и ранливите групи сè уште се соочуваат со структурни бариери на пазарот на труд. Во овој контекст, зголемувањето на учеството на жените и ранливите групи на пазарот на труд повеќе не е само социјална цел; тоа станува економска неопходност.

Во рамките на интеграцијата кон ЕУ, земјите од Западен Балкан се обврзани да ги усогласат стандардите и директивите на ЕУ во областа на економското учество. За приватните бизниси, усогласувањето со овие стандарди ја подобрува интеграцијата во синџирот на снабдување со партнерите од ЕУ и го зголемува пристапот до извозните пазари. Особено е потребна акција во однос на обезбедување еднакви можности, безбедна и прилагодлива вработеност, рамнотежа помеѓу работа и приватен живот, социјален дијалог и вклучување на работниците.

Додека националните влади се обврзани да ги постават правните стандарди за подобра интеграција на жените и ранливите групи на пазарот на труд, како и да обезбедат усогласеност со стандардите на ЕУ, општините и бизнисите заедно треба да создадат инклузивна средина која им овозможува на жените и ранливите групи да најдат и задржат работа.

Во таа насока, регионалниот проект "Унапредување на социоекономското учество во општините на Западен Балкан" (SPARK), имплементиран од Германското друштво за интернационална соработка (GIZ) во име на германското Федерално министерство за економска соработка и развој (BMZ), има за цел да ги зајакне институционалните капацитети на општините и приватниот сектор за промовирање и воведување инклузивни практики за вработување во нивните локални контексти.

Во таа насока, GIZ го објавува **Повикот за апликации за Програмата за лидерство за инклузивно вработување** (LEAP Programme).

2. Програмата на прв поглед

Програмата LEAP е насочена кон општините и нивните деловни партнери низ Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Северна Македонија.


Дизајнирана е како модуларна програма за градење на капацитети која се состои од две (2) обуки со физичко присуство и една онлајн обука, дополнети со менторски сесии, кои водат до имплементација на развиени активности.

Програмата трае девет (9) месеци од февруари 2027 до октомври 2027 година, со вкупно планирани 3 обуки: февруари 2027 (физичко присуство), април 2027 (онлајн) и јуни 2027 (физичко присуство), по што следува имплементација на активности. Проценетото време што

се очекува од учесниците е: 3-4 дена за обуки со физичко присуство, 1 ден за онлајн обука и до 1 ден за менторските сесии – вкупно околу 10 дена распоредени во 9 месеци.

Обуките со физичко присуство се планирани да се одржат во Црна Гора и Албанија. Трошоците за патување за присуство на овие обуки ќе ги покрие GIZ.

Програмата ќе се спроведува главно на англиски јазик со симултан превод на локалните јазици.



Програмата се фокусира на добри практики и успешни пристапи за промоција на инклузивното вработување, правниот контекст на национално ниво и критериумите за пристапување во ЕУ, предизвиците и придобивките од инклузивното вработување и лидерство, како и практичните алатки и процеси за промовирање на инклузивно вработување.

3. Целна група на програмата

Програмата LEAP ги обединува претставниците на 8 општини во 4 земји и најмалку еден локален партнер од бизнис секторот од секоја општина. До 4 вработени на високо ниво или средно раководство, човечки ресурси, членови на советот на општината и слични претставници по апликација ќе бидат номинирани како учесници во LEAP програмата.

Програмата обезбедува можност за општини и бизниси кои имаат развојни политики и се посветени на инклузивни практики и политики за вработување, со што стануваат лидери на просперитетни, инклузивни заедници. Бараме агенти за промени во приватниот сектор и локалните власти, заинтересирани за создавање партнерства со повеќе засегнати страни за инклузивно вработување. Или општината или бизнис партнерот можат да го иницираат и предводат процесот на апликација.

На општинско ниво, Програмата е насочена кон средно ниво на персонал, како раководители на оддели и членови на општински совети. Овие лица ќе бидат обучени да дејствуваат како

агенти на промени, со акцент на градење на нивниот капацитет за застапување и/или спроведување инклузивни политики за вработување на локално ниво.

Во приватниот сектор, програмата таргетира повисоки позиции, како што се директори или раководители на човечки ресурси, со цел да ги опреми со вештини и знаења за да дејствуваат како агенти на позитивни промени и да застапуваат и спроведуваат инклузивни политики за вработување во нивните компании и бизнис мрежи.

Конзорциумот составен од општината и партнерите од бизнис секторот може да именува до четири претставници вкупно кои ќе учествуваат во Програмата. Препорачуваме да номинирате по двајца претставници од општина и, во случај на аплицирање во партнерство со два бизниси, по еден претставник по бизнис компанија.

4. Цел и исход од програмата

Програмата LEAP создава структурирана платформа за дијалог и соработка помеѓу јавни и приватни актери за заедничко идентификување на практични решенија за инклузивна промоција на вработување и учество на пазарот на труд. Таа ги зајакнува капацитетите на раководството и менаџментот за дизајнирање и воведување инклузивни политики и практики за вработување и им овозможува создавање партнерства со повеќе засегнати страни.

Програмата им овозможува да:

- Дејствуваат како агенти на промени за инклузивно вработување, спроведувајќи иницијативи и подигнувајќи ја свеста за инклузивни практики на вработување
- Воведат нови или ги ревидираат постоечките практики за управување со човечки ресурси
- Создаваат партнерства со повеќе засегнати страни за инклузивни практики и политики за вработување.

5. Придобивки од програмата

Општините и бизнисите што учествуваат ќе имаат корист од:

- Практични алатки и методологии, како и индивидуализирано менторство и техничка поддршка од национални и меѓународни експерти во развојот на акциски планови за инклузивни политики и практики за вработување, овозможувајќи им на бизнисите да стигнат до и да привлечат недоволно застапени таленти, да ја намалат флуктуацијата на персоналот и да обезбедат задржување на квалификувана работна сила;
- Можности за размена и вмрежување со општини и бизниси од целиот Западен Балкан;
- Подобрено разбирање на стандардите и добрите практики на ЕУ поврзани со еднакви можности и вклучување на пазарот на труд;
- Можности за воспоставување и зајакнување на локални партнерства за инклузивна промоција на вработување;
- Зголемена регионална промоција и видливост како локални застапници за инклузивно вработување и учество во работната сила.

6. Посветеност и услови

Од номинираните претставници се очекува да:

- Имаат позиција во среден менаџмент или раководно ниво, Директор за човечки ресурси или слична функција, или да биде член на општински совет или слично
- Активно учествуваат во сите модули на програмата LEAP
- Поддржани од Програмата, се обврзуваат да подготват и спроведат акциски планови за инклузивни политики и практики за вработување.

Општините и бизнисите што учествуваат се очекува да:

- Осигураат дека номинираните претставници можат да присуствуваат на обуките и менторските сесии – распоредите се дизајнирани со флексибилност за да се прилагодат на зафатените менаџерски календари
- Покажат институционална посветеност за унапредување на инклузивни практики за вработување во рамките на нивната организација/институција
- Поддржат воспоставување и функционирање на локални партнерства меѓу повеќе засегнати страни за инклузивно вработување.

7. Процес на аплицирање

Општините што учествуваат се обврзани да аплицираат заедно со најмалку еден локален партнер од бизнис секторот. Апликациите може да се подготват на англиски или на локален јазик, во согласност со барањата наведени во Формуларот за апликација и мора да ги содржат сите побарани информации.

Заинтересираните општини треба да го поднесат пополнетиот апликациски формулар по е-пошта на следната адреса: biljana.dijanisieva@giz.de.

Рок: 13.11.2026

Наслов: Апликација: LEAP-Програма, Име на општина, Земја

Непотполни апликации или апликации поднесени по рокот нема да се земат предвид.